Бр. 12-1538/1
06.03.2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 28-та седница одржана на ден 29 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-1915/1 од 23.03.2019 година на подносителот ---------------------------- ------------- од ----------- се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1915 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 1915/1 од 23.03.2019 година.

Предметот со број 12-1915 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-1915 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-1915/1 од 23.03.2019 година, која до Државната комисија за спречување на корупцијата ја доставил познат подносител – лицето -------------- -------------- -------------- од ------------.

Со пријавата се изразуваат сомневања за злоупотреби на службената положба и овластувањата сторени од страна на ---------------- судија на --------------, од аспект на влијание врз други судии – судиите кои постапувале во совет(ите) на Апелациониот суд во --------------, а во насока на потврдување на првостепените пресуди донесени од посочениот судија во постапки кои се воделе пред Основниот суд во ----------------.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија ги имаше во предвид наводите на подносителот за непосредно влијание на посочениот судија, воедно и ----------------------------, во постапките пред второстепениот суд - по правни средства вложени против одлуките кои во прв степен се донесени од Основниот суд во --------------- преку судијата --------------- -----------------.

Врз основа на наводите и сомневањата содржани во пријавата Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека со истите се посочува на претпоставени дејствија кои се темелат на субјективна проценка вклучително и на незадоволство од донесените


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

судски одлуки на посочените судови, во постапки во кои ------------ на подносителот на пријавата доставена до Државната комисија е тужена странка, а притоа потврда на сомневањата не произлегува ниту од приложената документација особено ако се има во предвид дека во конкретниот случај се работи за спор од --------------- како резултат на кој се предизвикани трошоци на постапката во висина од околу --------------- денари.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека се работи за пријава која не содржи елементи за нејзино надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 февруари 2020 година под бр. 12- 1538/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

По заклучок на ДКСК
Изработил: Христина Мишевска, Советник
Одобрил : Нури Бајами, Член на ДКСК